Спасовски М., Донев Д., Тозија Ф.

# ПРОЕКЦИЈА НА СТОМАТОЛОШКИТЕ СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ КАДРИ СО МЕТОДОТ НА ПРОЕКТИРАНИ СТАНДАРДИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ДО 2005 ГОДИНА

РЕПУБЛИЧКИ ЗАВОД ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА - Скопје

*Врз основа на анализираната динамика на бројот на стоматолошките специјалистич-ки кадри во Р. Македонија во периодот 1971-1990 година извршено е проектирање на бројот на стоматолошките специјалистички кадри во периодот до 2005 година.*
*Со проекцијата на специјалистичките кадри со методот на проектирани стандарди во Републиката е потребно до 1995 година да се обезбедат 441, до 2000 година 527, а до 2005 година 645 стоматолози специјалисти.*
*При доделувањето на специјализациите приоритет треба да се даде на специјалностите: детска и превентивна стоматологија, болести на устата и пародонтот, ортопедија на вилици, орална хирургија.*

Клучни зборови: социјална стоматологија; организација на стоматолошко здравство

Во рамките на севкупното планирање на здравствените кадри, од посебно значење е планирањето на стоматолошките специјалистички кадри, како специфична категорија која влијае на квалитетот на стоматолошките здравствени услуги и функционирањето на стоматолошката дејност во целина. Од бројот, профилот и квалификацијата на стоматолошките специјалистички кадри во голема мера зависи реализацијата, во квантитативна и квалитативна смисла, на мерките и целите, поставени во плановите за забоздравствената заштита во сегментот на секундарното и терцијарното ниво на здравствената заштита.

Целта на овој труд е да прикаже метод за планирање на стоматолошките специјалистички кадри во Република Македонија во периодот до 2005 година. Истовремено во трудот се предлагаат промени во структурата на стоматолошките специјалистички кадри за одделни специјалистички гранки кои досега биле дефицитарни во смисла на нивно поголемо процентуално учество во вкупниот број стоматолози специјалисти, со што ќе се постигнат предложените нормативи за бројот на жителите на еден стоматолог специјалист во наредниот период во Републиката.

## Материјал и метод

Проекцијата на стоматолошките специјалистички кадри е извршена врз основа на аналитички и документациски материјал кој се прибира и обработува во Републичкиот завод за здравствена заштита, согласно со спроведувањето на Програмата за статистичките истражувања во областа на здравството во Р. Македонија.

Анализирана е серија статистички податоци и извршена е нивна математичко-статистичка екстраполација за периодот 1995-2005 г.

Користени се два метода на проекција на стоматолошките специјалистички кадри:

(1) метод на линиски тренд кој не е метод на избор бидејќи може да се користи само ако и во наредниот период (за кој се врши екстраполација) со непроменет интензитет продолжат да дејствуваат истите фактори што дејствувале во системот на здравствената заштита како во претходниот. Бидејќи состојбите во здравствениот систем во периодот 1991-1993 година драстично се изменија и се појавија дополнителни фактори кои различно ќе дејствуваат на динамиката на развојот, екстраполацијата на линеарниот тренд не

може реално да го прикаже натамошниот развој на кадрите;

(2) метод на достигнување проектирани стандарди (жители на еден стоматолог специјалист) во стоматолошката дејност, изразено преку предлог-нормативите за односот жители/стоматолог специјалист кои се проектирани во периодот 1995, 2000 и 2005 година, врз основа на критериумите усвоени на Собранието на Републичката СИЗ за здравствена заштита на 7 јуни 1989 година, со корекција на процентот на подобрување на предлог-стандардот жители/1 стоматолог кој би требало да се постигне во 1995, 2000 и 2005 година.

Предлог-нормативите, како општ стандард, за 1995 година се 1.700 ж/стоматолог, за 2000 година 1.500 ж/стоматолог, и за 2005 година 1.300 ж/стоматолог. Корекцијата на подобрување на предлог-стандардот изразен во проценти за 1995 година е 12,76%, за 2000 година 13,33% и за 2005 година 15,38%. Овие проценти како корекција се применети на предлог-стандардот жител/1 стоматолог специјалист и за соодветниот процент се намалува предлог-стандардот во проектираниот петгодишен период.

Проекцијата на стоматолошките специјалистички кадри опфаќа 3 компоненти: (1) сегашна обезбеденост (постојни кадри); (2) иден прираст на специјалистичките кадри (новозавршени специјалисти за потребите на здравствените организации или приватни специјализации) и (3) проекција на загуби (пензионирања, при што очекуваниот број стоматолози специјалисти кои до 1995 година ќе одат во старосна пензија изнесува 10, специфичната стапка на смртност е 5 за петгодишен приод, напуштање на здравствениот сектор и емиграција).

## Резултати и дискусија

Стоматолошката дејност во Р. Македонија бележи интензивен развој во периодот 1971-1990 година. Постојано се зголемувал бројот на стоматолозите, особено бројот на стоматолозите специјалисти. Во 1971 година се регистрирани 214 стоматолози, од кои 38 се специјалисти, а во 1990 година од вкупно 1.112 стоматолози 289 се специјалисти. Бројот на стоматолозите неспецијалисти во периодот 1971-1900 година се зголеми за 416,93%, а бројот на стоматолозите специјалисти за 660,83%.

Учеството на стоматолозите специјалисти во вкупниот број стоматолози во 1990 година изнесува 25,99%. Бројот и структурата на стоматолозите и стоматолозите специјалисти се изнесени во табела 1.

*ТАБЕЛА 1. БРОЈ И СТРУКТУРА НА СТОМАТОЛОЗИТЕ СПЕЦИЈАЛИСТИ ВО Р. МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ 1971-1990 Г.*

| Година | Вкупно број | Стоматолози број (%) | Стоматолози специјалисти број (%) |
|---|---|---|---|
| 1971 | 214 | 176 (82,24) | 38 (17,76) |
| 1975 | 329 | 246 (74,77) | 83 (25,23) |
| 1981 | 526 | 369 (70,15) | 157 (29,85) |
| 1982 | 563 | 403 (71,58) | 160 (28,42) |
| 1983 | 620 | 446 (71,94) | 174 (28,06) |
| 1984 | 665 | 485 (72,93) | 180 (27,07) |
| 1985 | 778 | 584 (75,06) | 194 (24,94) |
| 1986 | 868 | 661 (76,15) | 207 (23,85) |
| 1987 | 927 | 712 (76,81) | 215 (23,19) |
| 1988 | 1009 | 764 (75,72) | 245 (24,28) |
| 1989 | 1107 | 834 (75,34) | 273 (24,66) |
| 1990 | 1112 | 823 (74,01) | 289 (25,99) |

*ТАБЕЛА 2. ЗАСТАПЕНОСТ НА СТОМАТОЛОЗИТЕ СПЕЦИЈАЛИСТИ ПО ГРАНКИ НА СПЕЦИЈАЛНОСТ ВО Р. МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ 1971-1990 Г.*

| | Година | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Специјалност | 1971 | 1975 | 1981 | 1983 | 1984 | 1985 | 1986 | 1987 | 1988 | 1989 | 1990 |
| Вкупно | 214 | 329 | 526 | 620 | 665 | 778 | 868 | 927 | 1009 | 1107 | 1112 |
| Стоматолози | 176 | 246 | 369 | 446 | 485 | 584 | 661 | 712 | 764 | 834 | 823 |
| Специјалисти | 38 | 83 | 157 | 174 | 180 | 194 | 207 | 215 | 245 | 273 | 289 |
| Болести на устата и пародонтот | 11 | 15 | 39 | 41 | 42 | 40 | 43 | 44 | 44 | 43 | 21 |
| Болести на забите и ендодонтот | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 30 |
| Детска и превентивна стоматологија | - | 11 | 24 | 29 | 33 | 31 | 38 | 39 | 47 | 55 | 58 |
| Максилофацијална хирургија | 8 | - | 6 | 5 | 6 | 12 | 10 | 11 | 12 | 12 | 12 |
| Општа стоматологија | - | - | - | - | - | - | 1 | 5 | 7 | 17 | 20 |
| Орална хирургија | - | 15 | 20 | 21 | 20 | 19 | 20 | 21 | 23 | 24 | 26 |
| Ортопедија на вилици | 19 | 30 | 42 | 43 | 39 | 45 | 45 | 44 | 48 | 53 | 54 |
| Стоматолошка протетика | - | 12 | 26 | 35 | 40 | 47 | 50 | 51 | 64 | 69 | 68 |

Застапеноста на стоматолозите специјалисти по гранки специјалност е дадена во табела 2.

Дефицитот на кадри е особено изразен во специјалностите: детска и превентивна стоматологија, ортопедија на вилици, болести на устата и пародонтот, како и во оралната хирургија.

Проекцијата по методот на достигнување проектирани стандарди овозможува детерминирање на потребниот број стоматолошки специјалисти по профили на специјалности кои ќе се обезбедат преку соодветно упатување на специјализација на кадрите од одделни специјалности. На тој начин до 2005 година ќе се обезбедува соодветно структурно учество на одделни профили специјалности, согласно со предложените нормативи.

Апликативната вредност на методот на проектирани стандарди кон детерминирањето на потребниот број специјалистички кадри е приоритетна во однос на методот на линиски тренд и при проекции на кадри е метод на избор.

Во прилог на извршената проекција е табеларниот приказ бр. 3 и графичките прикази 1, 2 и 3.

Во проекцијата на стоматолошките специјалистички кадри, применлив метод, кој ги зема предвид сегашната обезбеденост, идниот прираст и загубите на кадри, е методот на проектирани стандарди. Со примената на овој метод се добива реалната посакувана проекција на стоматолошките специјалистички кадри по одделни специјалности во Р. Македонија до 2005 година. Усогласената кадровска обезбеденост со стоматолошки специјалистички кадри ќе овозможи и соодветен развој на стоматолошката дејност

*ТАБЕЛА 3. ПРОЕКЦИЈА НА СТОМАТОЛОЗИ СПЕЦИЈАЛИСТИ ПО ГРАНКИ НА СПЕЦИЈАЛНОСТ ВО Р. МАКЕДОНИЈА ДО 2005 ГОДИНА*

| Специјалност | Состојба | Норматив | Потребен број специјалисти | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 1995 | 2000 | 2005 |
| Болести на забите и ендодонтот | 46 351 | 42 000* | 41 | 50 | 62 |
| Болести на устата и пародонтот | 66 216 | 37 000 | 46 | 57 | 70 |
| Детска и превентивна стоматологија | 11 204 | 6 300*** | 121 | 140 | 171 |
| Орална хирургија | 81 967 | 60 000 | 43 | 52 | 64 |
| Ортопедија на вилици | 14 680 | 11 000** | 84 | 97 | 119 |
| Стоматолошка протетика | 20 449 | 20 000* | 86 | 106 | 130 |
| Максилофацијална хирургија | 177 596 | 188 000 | 14 | 17 | 20 |
| Вкупно | | | 441 | 527 | 645 |

Легенда:
* - жители над 20 години
** - деца од 0 до 19 години
*** - деца од 3 до 19 години




Графикон 1. Проекција на специјалисти по орална хиругија во Македонија до 2005 година




Графикон 2:. Проекција на специјалисти по детска и превентивна стоматологија во Македонија до 2005 година




Графикон 3:.Проекција на специјалисти по ортопедија на вилици во Македонија до 2005 година

## Summary

## PROJECTION OF SPECIALISTS IN DENTISTRY AFTER THE METHOD OF PROJECTED STANDARDS IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA BY 2005 YEAR

**Spasovski M., Donev D., Tozija F.**

On the basis of dynamic rate of the number of specialists in dentistry in Macedonia during the period 1971-1990, the number of specialists in dentistry for the period till 2005 has been projected.

It is suggested that after the method of projected standards, in the Republic of Macedonia, by 1995 - 527 specialists in dentistry are found to be required providing, by 2000 -645, and by 2005 year - 645.

Key words: community dentistry; state dentistry pubic health dentistry

## Литература

1. Projekcija zdravstvenih kadrova u Jugoslaviji do 2000 godine. Savezni zavod za zdravstvenu zaštitu, Beograd, 1986.

2. Projekcija posteljnih i kadrovskih kapaciteta zdravstva Bosne i Hercegovine, Institut za socijalnu medicinu - Medicinski fakultet, Sarajevo, 1984.

3. Program potrebnih zdravstvenih kadrova Srbije do 2000 godine, Gradski zavod za zdravstvenu zaštitu, Beograd, 1988.

4. Radović L, Dimitrijević D, Lazarević A. Projekcija broja lekara i stomatologa SFRJ do 2000 godine. Zbornik radova 3. Kongresa socijalne medicine i organizacije zdravstvene zaštite Jugoslavije, Beograd, 1988: 182-7.

5. Hogrth J. Glossary of health care terminology. WHO, 1975.

6. WHO. Health manprower planning: Principles, methods, issues. Geneve, 1978.

7. Критериуми за одредување на потребите од специјалистички кадри во областа на здравствената заштита. Републичка СИЗ за здравствена заштита, Скопје, 1989.

8. Проекција на специјалистичките кадри во Р. Македонија до 2005 година. Републички завод за здравствена заштита, Скопје, 1991.